

*Dear readers and colleagues,*

*The Proceedings of Electrical Engineering Faculty in Skopje was published since 1977 and the last edition appeared in 2006. Since that year the publishing has been stopped.*

*This year the Faculty is renewing the publishing of Proceedings under the name Journal of Electrical Engineering and Information Technologies. The plan is to publish two numbers per year, as used to be done. The notable difference is that issues would be appeared in electronic format with open access to the manuscripts, beside the paper version. This change will enhance the Journal influence in scientific and experts community.*

*The Journal will publish original scientific and professional manuscripts from electrical engineering and information technologies fields. The manuscripts can be focused on theoretical analysis, experimental research or solutions of problems originating from practice. One of the leading motivations for publishing the Journal is continuous increase of the quality of scientific and practice work on the Faculty represented in the number of master and doctoral thesis. Also, our Faculty frequently organizes local and international conferences. It is our wish this Journal to serve as promoter for the best manuscripts from conferences, as well as for the best scientific and research results from master and doctoral thesis and other significant projects.*

*The Journal will offer opportunity for publishing manuscripts that have been published in renowned world journals, but because the page limit the manuscripts are usually presented in shortened versions. In our Journal the manuscripts could be presented with detailed analytical and numerical algorithms, without page limit. The most commonly this manuscripts are of substantial concern and have high citation rate.*

*Our long-term goal is to make this Journal recognized in the region and beyond and in short time to be evaluated with appropriate impact factor.*

*sEditor in Chief*
*Academic Leonid Grčev*



*Почитувани читатели и колеги,*

*Зборникот на трудови на Електротехничкиот факултет почнал да излегува во 1977 година, а последниот двоброј излегол во 2006 година кога неговото излегување е прекинато.*

*Факултетот оваа година го обновува излегувањето на Зборникот, сега како Списание за електротехника и информациски технологии (Journal of Electrical Engineering and Information Technologies). Како и претходно, планирано е да излегуваат два броја годишно. Битна промена е дека покрај печатената форма, Списанието ќе излегува и во електронска верзија со слободна достапност на трудовите за сите заинтересирани читатели. Оваа промена може битно да го зголеми влијанието на Списанието во научната и стручната јавност.*

*Во Списанието ќе се објавуваат оригинални научни и стручни трудови од областите на електротехниката и информациските технологии. Трудовите може да бидат фокусирани на теоретски анализи, експериментални истражувања, решенија на проблеми од праксата. Една мотивација за продолжување на издавање на Списанието е континуираното зголемување на квалитетот на научната и стручната работа на Факултетот, што се огледа во бројот на магистерски и докторски дисертации. Од друга страна, Факултетот континуирано организира значајни национални и меѓународни конференции. Желба е Списанието да претставува медиум за промовирање на најквалитетните трудови од конференциите како и најквалитетните резултати од истражувањата во рамките на докторски и магистерски тези и други значајни проекти.*

*Во Списанието ќе можат да се публикуваат трудови кои веќе биле објавени во престижни светски списанија, но каде поради ограничување на бројот на страници најчесто биле презентирани во скратена верзија. Нашето Списание дава можност во трудовите детално да се претставаат аналитичките и нумеричките постапки, како и добиените резултати, а таквите трудови најчесто предизвикуваат висок интерес и цитирање.*

*Со сето тоа, нашата долгорочна цел е Списанието да биде препознатливо во регионот и пошироко и во догледно време да биде вреднувано со соодветен коефициент на влијание (impact factor).*

*Главен и одговорен уредник,*
*Академик Леонид Грчев*